# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*

| | | |
|---|---|---|
| "Службен гласник на Општина Прилеп" – Излегува по потреба | 13 Јули 2004 година Службен гласник број 6 Овој примерок чини 150 ден. | Жиро с-ка при Комерцијална банка – Филијала Прилеп 300020000209652 ЕДБ 4021996117695 |

***Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk***


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НА ДЕЛОВЕН ПРОСТОР СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање под закуп на деловен простор сопственост на Општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 939/1 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.07.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пиргоноски

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и член 67 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002) и член 26 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Прилеп (“Сл.гласник на Општина Прилеп” бр.6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на ден 09.07.2004 година, донесе:

**П Р А В И Л Н И К**
За условите, начинот и постапката за издавање под закуп на Деловен простор сопственост на Општина Прилеп

**Член 1**

Со овој Правилник се определуваат условите, начинот и постапката за издавање под закуп на деловен простор со кој согласно Решението за пренесување право на сопственост на недвижен имот од РМ на Општина Прилеп, врз основа на спроведен делбен биланс (“Сл.весник на РМ” бр.15/2000) и е пренесено право на сопственост на деловни објекти.

**Член 2**

Деловниот простор сопственост на Општина Прилеп, може да биде издаден под закуп на правни и физички лица заради обавување на стопанска и друга дејност под услови пропишани со Закон и овој Правилник.

**Член 3**

Издавањето на деловниот простор под закуп се врши по пат на јавно надавање со јавно огласување и прибирање на затворени писмени понуди.

**Член 4**

Постапката за издавање на деловен простор под закуп ја спроведува Комисијата за издавање на деловен простор под закуп.

Комисијата ја формира Градоначалникот на Општина Прилеп.

Комисијата е составена од Претседател и негов заменик и два члена и нивни заменици.

Комисијата се именува за време од 2 години но не повеќе од 2 мандати.

**Член 5**

Деловниот простор предмет на издавање под закуп кој ќе биде објавен, со Одлука го определува Градоначалникот.

Огласот го распишува Комисијата, веднаш по приемот на Одлуката.

**Член 6**

Огласот за издавање на деловен простор под закуп задолжително се објавува во еден од дневните весници, кој излегува на територијата на РМ.

Огласот го спроведува Комисијата.

Огласот трае 8 дена почнувајќи од првиот нареден ден од денот на неговото објавување.

**Член 7**

Огласот за издавање на деловен простор под закуп особено ги содржи следните елементи:

- број на огласот;
- органот кој го распишува;
- местоположбата на деловниот простор
- површина на деловниот простор;
- почетна закупнина по м2 изразена во ЕВРА, почетна закупнина по м2 изразена во денари;
- времетраење на закупот;
- напомена дека деловниот простор се издава во видена состојба;
- износ од едномесечна закупнина која се уплаќа како гаранција за учество на огласот и ж-ро сметка на објавувачот на огласот;
- рок на траење на огласот;
- начин на јавување на огласот;
- критериум за избор на најповолен понудувач - највисоко понудена закупнина

**НАПОМЕНА:** дека понудувачот со понудата треба да достави и

- доказ за идентитет (лична карта и патна исправа) за физичко лице односно комплетен извод од регистарот за правни лица.
- изјава потпишана и заверена од одговорното лице на понудувачот дека не е под стечај – оригинал;
- документ за бонитет од централниот регистар (оригинал или заверен од нотар).

**Член 8**

Доставувањето на понудите се врши преку пошта или со доставување во архивата на Општина Прилеп.

Понудите до нивното отварање се чуваат во архивата.

Понудите и документацијата се доставуваат во затворен плик со ознака "НЕ ОТВОРАЈ" и со назнака "за оглас за издавање деловен простор под закуп" и бројот на повикот.

Пликот не смее да содржи никаква ознака со која би можел да се идентификува понудувачот.

Понудата се доставува во еден оригинален примерок кој треба да биде заверен и потпишан од одговорното лице на понудувачот.

Кон понудата се доставува:

- доказ за уплатениот износ за учество на огласот во висина од едно-месечна закупнина;
- доказ за идентитетот (за физички лица) односно извод од регистарот (за правните лица);
- документ за бонитет од централен регистар;
- изјава дека понудувачот не е под стечај, заверена и потпишана од одговорното лице на понудувачот.

**Член 9**

Со јавното надавање раководи Претседателот на Комисијата.

**Член 10**

Комисијата пред да отпочни надавањето констатира дека се исполнети условите за усното и јавно надавање при што посебно внимание посветува на:

- бројот на пријавените учесници во надавањето и дали за секој деловен простор има пријавено учесници;
- проверка на исправноста во поглед на уплатената едномесечна закупнина која се уплаќа како гаранција;
- утврдување кои лица во јавното надавање учествуваат во свое име а кои како овластени преставници на правни
- лица и ја утврдува исправноста на нивните полномошна.

На лице кое поднело неуреден доказ за уплатен гарантен депозит (уплати помал износ), ненаведување на бројот на деловниот простор за кој се лицитира или нема документација за легитимирање или уредно полномошно, нема да му се дозволи да учествува во надавањето.

Комисијата обезбедува во јавното надавање да не учествуваат членови на Комисијата и други лица што службено учествувале во постапката на јавното надавање или кај кои постои конфликт на интереси утврден со закон.

**Член 11**

Комисијата утврдува листа на учесници во јавното надавање посебно за секој деловен простор што е објавен во огласот за јавно надавање.

**Член 12**

Откако ќе се утврди дека се исполнети условите за одржување на јавното надавање, Комисијата ги запознава учесниците со начинот и правилата во надавањето, при што нагласува.

- учесникот на јавното надавање најнапред го кажува своето име и презиме, а потоа цената што ја нуди;
- надавањето се врши за вредноста на м2 според почетната цена која е утврдена за секој објект по огласот;

- за време на надавањето не се дозволува договарање помеѓу учесниците во надавањето;
- јавното надавање трае се додека се нудат поголеми износи од учесниците во јавното надавање;
- јавното надавање завршува кога и по третиот повик во рок од 3 минути не е понудена повисока цена.

**Член 13**

Секој учесник во надавањето е врзан за својата понуда се додека друг учесник се додека друг учесник не понуди поголема цена.

**Член 14**

Јавното надавање завршува кога и по третиот повик од страна на лицето што го води надавањето во рок од 3 минути не е понудена поголема цена, по што Комисијата утврдува кој од учесниците понудил највисока цена.

**Член 15**

Комисијата утврдува кој учесник го остварил правото за закуп на соодветниот простор.

**Член 16**

Одлуката за најповолен закупувач е конечна.

**Член 17**

Доколку, поради непријавување или одредени недостатоци неможе да се врши надавање, Комисијата ќе утвреди дека нема важечка понуда и дека деловниот простор неможе да се даде на првата лицитација.

**Член 18**

За текот на јавното надавање се води записник во кој се внесуваат имињата и презимињата на претседателот и членовите на Комисијата, местото каде се врши надавањето, ден и час на отпочнмување на надавањето, констатација дека Комисијата утврдила, дека се исполнети условите за одржување на надавањето, имињата и презимињата на понудувачите и нивните законски застапници и полномошници, часот кога Комисијата би повикала учесниците во надавањето да дадат понуди како и часот кога е заклучено надавањето, како и Одлуката со која е утврдено кој учесник го остварил правото за примање под закуп на соодветниот простор.

**Член 19**

Записникот го потпишуваат претседателот и членовите на Комисијата.

**Член 20**

Во рок од 8 дена по одржувањето на јавното надавање со најповолниот закупувач се потпишува договор за закуп на деловен простор.

**Член 21**

На понудувачите чија понуда не е прифатена гаранцијата ќе им се врати по заклучувањето на јавното надавање, а на најповолниот понудувач кој се откажал од закупот на деловниот простор средствата уплатени како гаранција не му се враќаат.

**Член 22**

За сите прашања што не се предвидени со овој Павилник, ќе се применуваат позитивните законски прописи.

**Член 23**

Овој Правилник влегува во сила 8-от ден од денот на донесувањето.

Број 07 - 919/2 **ПРЕТСЕДАТЕЛ**
09.07.2004 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ, ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП ВО ТЕКОТ НА 2004 ГОДИНА.

1. Програмата за дополнување на Програмата за донесување, изменување и дополнувања на урбанистички планови во Општина Прилеп во текот на 2004 година,се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 -939/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.07.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пиргановски

Врз основа на член 22 став 3 од законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.в. на РМ бр. бр.4/96,28/97,18/99, 53/01, 45/02), член 9 од Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување урбанистички планови (Сл.в. на РМ бр. 2/02) и член 22, 36 и 95 од законот за Локална самоуправа (Сл.в. на РМ бр. 5/02), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 09. 07. 2004 година. донесе :

## ПРОГРАМАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗАДОНЕСУВАЊЕ, ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПЛНУВАЊА НА

**УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП ВО ТЕКОТ НА 2004 ГОДИНА**

**А. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ**

ДОНЕСУВАЊЕ, ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПЛНУВАЊА , ПО БАРАЊЕ НА ГРАЃАНИ

**1.** - ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **13**; Урбан блок 13 ; урбан модул 7. со граници од ул."Моша Пијаде", "Орде Чопела" и ул. "Скопска" .

**2.** - ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **15**; Урбан блок 15/1; урбан модул 3. со граници ул. "Моша Пијаде", "Цане Коњарџц", "Битолска".

**3.** ДУП за град Прилеп за УАЕ бр. **16**; Урбан блок 16/1; урбан модул 6. со граници ул. "Моша Пијаде", ул. "Борка Талески", ул. "Енгелсова" и ул. "Илија Игески".

Површините на урбаните модули се дефинирани со оските на граничните улици.

**БРОЈ 07 - 919/3**
09.07.2004 година
П р и л е п

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
на Советот на Општина Прилеп
Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВРШЕЊЕ ТРГОВИЈА НА СТОКИ ВО КИОСЦИ, АВТОМАТИ И ПРОДАЖБА ОД ПОДВИЖНИ УЛИЧНИ ПРОДАВАЧИ**

1. Одлуката за вршење трговија на стоки во киосци, автомати и продажба од подвижни улични продавачи, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 939/3
13.07.2004 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Сашо Пиргантоски

Врз основа на член 16 став 2 од Законот за трговија ("Сл.весник на РМ" бр.16/2004) и член 25, 30 и 31 од Правилникот за минимално техничките услови за деловните простори и простории во кои се врши трговија ("Сл.весник на РМ" бр.21/2004), а во врска со член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп
("Сл.гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на ден 09.07.2004 година, донесе:

О Д Л У К А

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдуваат посебните начини на вршење на трговија на стоки во киосци, автомати и продажба од подвижни улични продавачи.

**Член 2**

Трговија на стоки во киосци, автомати и трговија од подвижни улични продавачи, на територијата на Општина Прилеп ќе се врши на следните места-локалитети:

1. По ул.Мице Козар на потег од ул.Н.Карев до ул.Борис Кидрич - лево и десно од коловозот и потег до ул.Крсте Мисирков
2.Агол на ул.Борис Кидрич и ул.Благоја Василески
3.На агол на ул.Јоска Јорданоски и улица пред Дом за стари лица
4. Покрај ул.11 Октомври на потег до постојна пошта
5. Покрај ОУ Гоце Делчев на ул.Радовишка
6. Околу влез на Болница по ул.Трајко Тарцан
7. На ул.Мирче Ацев - потег меѓу улици Благоја Николоски и Трајко Тарцан
8. По ул.Вера Циривири меѓу улици Бл.Ружето
9. Пред спортска сала Македонија- Агол од парцелата кон скалите за Могила
10. Покрај ул.И.Л.Рибар - меѓу ул.Цане Коњарец
11. На ул.Стара Битолска (кон театарот) во зелениот појас
12.По ул. Димо Наредникот - на агол со ул.М.Пијаде лево и десно од коловозот
13.Агол покрај ул.Ило Попадинец и Д.Наредникот
14.Спроти Хотел Липа - до постојната пошта (кон агол со ул.Д.Наредникот и Булеварот Г.Делчев
15. Покрај Дом на култура Марко Цепенков (до реализација на планот)
16. На Булевар Гоце Делчев спроти Бизнис Центарот
17. По ул.Кузман Јосифоски - спроти паркиралиште од ЈКП Пазари
18. По ул.Кузман Јосифоски пред Автобуска станица
19.Појас пред Мед.центар на ул.Марксова
20.Пред спортска сала на Тут.комбинат - агол на ул.Марксова и Егејска
21.Лево и десно од влезна порта во ДСУ Орде Чопела на ул.Самоилова
22.На ул.Самоилова подолу од ДСУ Орде Чопела кон станбени згради
23.Покрај ул.Самоилова во близина на ОУ Б.Конески пред станбен блок
24.На ул. Војводинска агол со ул.Струшка

25. На ул.Војводинска (спроти ОУ Б.Конески)
26. Агол меѓу ул.О.Чопела и Г.Димитриоски
27. По ул.Орде Чопела во Варош
28. Агол меѓу ул.Мукос и Козјак (кај стар резервоар)

29. Пред АМСМ на ул.Моша Пијаде и Фрушка Гора
30.По ул Тризла на потег од ул.Гостиварска до крак од ул.Беровска
31.Потег пред Железничка станица и Булевар Гоце Делчев
32.На ул.11 Октомври на потег од мостот Табана до раскрсница со ул.Моша Пијаде
33.На ул.Јоска Јорданоски на потег од спој со ул.Цане Илиоски до мост на Дабнички канал
34. На ул Андон Слабејко на потег од мост Димо Наредникот кон ф-ка Борка Левата
35. На Булевар Гоце Делчев пред Судот на ул.Браќа Бешироски.

**Член 3**

Утврдените локалитети од член 2 од оваа Одлука можат да се користат до реализација на Деталните урбанистички планови.

**Член 4**

Постапката за издавање на објектите за вршење на посебните начини на вршење на трговија ќе се спроведува согласно позитивните законски прописи.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во "Сл.гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 919/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
09.07.2004 год. на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

## ЗАКЛУЧОК
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ПО ОДЛУКАТА ЗА ВРШЕЊЕ ТРГОВИЈА НА СТОКИ ВО КИОСЦИ, АВТОМАТИ И ПРОДАЖБА ОД ПОДВИЖНИ УЛИЧНИ ПРОДАВАЧИ

1.Заклучокот по Одлуката за вршење трговија на стоки во киосци, автомати и продажба од подвижни улични продавачи, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 939/3-1 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.07.2004 година на Општина Прилеп
Прилеп Сашо Пиргановски

Врз основа на член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп расправајќи по Одлуката за вршење трговија на стоки во киосци, автомати и продажба од подвижни улични продавачи, на седницата , одржана на 09.07.2004 година, донесе:

## ЗАКЛУЧОК

1. Дизајнот на услугите да биде во рамките на урбаната опрема.
2. Заклучокот ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 919/4-1 ПРЕТСЕДАТЕЛ
09.07.2004 година на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

## ЗАКЛУЧОК
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

1. Одлуката за основање Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови , .се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 939/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.07.2004 година на Општина Прилеп
Прилеп Сашо Пиргановски

Врз основа на член 2 став 1, член 3 став 3 и член 9 став 2 од Законот за јавните претпријатија ("Сл.весник на РМ" бр. 38/96, 6/02 и 40/03) член 36 став 1 точка 4 од Законот за локлана самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр. 2/02) и член 26 став 1 точка 28 од Статутот на Општина Прилеп ("Сл. гласник на Општина Прилеп" бр. 6/03), Советот на Општина Пролеп, на седницата одржана на ден 09.07.07.2004 година, донесе:

## ОДЛУКА
### за основање Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови

**Член 1**

Со оваа Одлука се основа Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови.
Основач на претпријатието е Советот на Општина Прилеп.

**Член 2**

Јавното претпријатие од член 1 на оваа Одлука врши дејност од јавен интерес.

Јавното претпријатие дејноста ја врши под услови и на начин определени со Законот за простроно и урбанистичко планиарње и други прописи.

**Член 3**

Јавното претпријатие има својство на правно лице.

**Член 4**

Јавното претпријатие ќе работи под фирма "Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови".

Скратениот назив на фирмата гласи : "ЈП за ПУП".

Седиштето на претпријатието е во Прилеп.

**Член 5**

Дејноста на претпријатието е :

- Изработување на урбанистички планови, урбанистички проекти и општи урбанистички акт.
- Следење на спроведувањето на просторните и урбанистичките планови.
- Изработување на стручни ревизии на урбанистичките планови
- Изработување на стручни анализи и студии од областа на планиарње на просторот
- Изработување на информации за состојбите во планиарњето
- Учество во изработување на Правилници и Одлуки од областа на простроното и урбанистичкото планирање, согласно потребите на Општината
- Одржување и ажурирање на просторно информативниот систем на податоци
- Изработување на изводи од просторен и урбанистички план по барање на инвеститори и други заинтересирани правни и физички лица за територијата на Општина Прилеп
- Врши и други работи од областа на урбаното планирање

**Член 6**

Средствата за основање на Јавното претпријатие се обезбедуваат од Буџетот на Општина Прилеп.

Средствата за обавување на дејноста на Јавното претпријатие се обезбедуваат : дел од Буџетот на Општина Прилеп и дел од сопственото работење.

**Член 7**

Јавното претпријатие се организира така што дејноста заради која е основано да ја врши на начин со кој се обезбедува :

- рамномерен просторен развој на Општината
- рационално уредување и користење на просторот
- услови за хумано живеење и работа на граѓаните
- одржлив развој
- заштита и унапредување на животната средина и природата
- заштита на културните и историски вредности
- заштита од воени разурнувања, од природни и технолошки катастрофи и хавари
- јавност во постапката за донесување и спроведување на плановите
- усогласеност со нормативите и стандардите на РМ
- соработка со органите на државната управа надлежни за работите за палнирање и уредување на просторот.

**Член 8**

За извршување на задачите од член 5 на оваа Одлука во Јавното претпријатие се организираат одделенија и тоа :

- Одделение за просторно и урбанистичко планиарње
- Одделение за одржување и ажурирање на просторно информативниот систем на податоци.

**Член 9**

Органи на Јавното претпријатие се :

- Управен одбор
- Одбор за контрола на материјално - финансиското работење
- Директор.

**Член 10**

Управниот одбор на Јавното претпријатие брои 5 (пет) члена од кои 3 (три) именува основачот а два члена се именуваат од редот на вработените во претпријатието на предлог на организацијата на мнозинскиот синдикат во Јавното претпријатие до изборот на Советот на вработените.

**Член 11**

Одборот за контрола на материјално - финансиското работење брои 5 (пет) кои ги именува и разрешува основачот.

**Член 12**

Со работата на Јавното претпријатие раководи Директор што го именува односно разрешува основачот по предлог на Градоначалникот на Општината.

**Член 13**

Овластувањата, правата, обврските и одговорностите на Органите на претпријатието се утврдуваат со Статутот на Јавното претпријатие, во согласност со закон.

**Член 14**

Статутот на Јавното претпријатие го донесува управниот одбор на претпријатието.

Со Статутот на Јавното претпријатие поблиску се уредува: организацијата, управувањето и раководењето со Јавното претпријатие, општите акти и постапката за нивно донесување и извршување, како и други праќања од значење за Јавното претпријатие.

**Член 15**

Именувањето на членови во Управниот одбор, Одборот за контрола на материјално-финансиското работење и донесувањето на Статутот ќе се изврши во рок од 4 (четири) месеци од денот на влегувањето во сила на оваа Одлука.

За вршител на должноста Директор на Јавното претпријатие, Советот на Општина Прилеп го именува Јованоски Милан, дипломиран инженер архитект.

Вршителот на должноста Директор ќе ги врши работите за запишување на претпријатието во трговскиот регистар и други активности потребни за почеток со работа на Јавното претпријатие.

**Член 16**

Работите околу почетокот со работа на Јавното претпријатие ќе ги координира В.Д. директорот.

**Член 17**

Оваа Одлика влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Прилеп.

Број 07 - 919/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
09. 07.2004 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЈКП "ПАЗАРИ" - ПРИЛЕП**

1. Решението за давање согласност на Статутот на ЈКП "Пазари" - Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 939/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.07.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пирганоски

Врз основа на член 43 точка 3 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96), член 36 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003)), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 09.07.2004 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за давање согласност на Статутот на ЈКП "Пазари" - Прилеп

1. Се дава согласност на Статутот на ЈКП "Пазари" - Прилеп, број 02 - 8/3 од 01.07.2004 година.

2. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 919/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
09.07.2004 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА ПРЕНАМЕНА НА СРЕДСТВАТА ОД 26 % ОД СТАВКАТА ЗА НАДОМЕСТОК НА ВОДА ОД НАМЕНСКИ ЦЕЛИ ВО СОСТАВЕН ДЕЛ НА ЦЕНАТА НА ВОДАТА**

1. Заклучокот за пренамена на средствата од 26 % од ставката за надоместок на вода од наменски цели во составен дел на цената на водата, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 939/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.07.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пирганоски

Врз основа на член 11 точка 4 и 6 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96), член 36 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003)), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 09.07.2004 година, разгледувајќи го Предлогот на Управниот одбор на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп од 23.06.2004 година за пренамена на средствата од 26 % од ставката за надоместок на вода во наменски цели согласно Решението за давање согласност на Одлуката број 02 - 393/1 од 14.05.1999 година на Управниот одбор на ЈКП "Комуналец" и Заклучокот број 07 - 1131/3 од 25.06.2001 година на Советот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

1. Делот од цената на водата по м3 во висина од 26 % кој претставува наменски дел за изградба на пречистителна станица за отпадни води, од о1.07.2004 година да биде составен дел на цената на водата.

2. Досегашното издвојување на делот од 26 % од цената на водата по м3 за изградба на пречистителна станица за отпадни води ќе се приходова по динамика како што е вршено неговото издвојување од 01.10.1999 до 30.06.2004 година.

3. Наменското издвојување за изградба на пречистителна станица за отпадни води, од 01.10.1999 до 30.06.2004 година ќе се приходова според динамиката на неговото издвојување во корист на вкупниот приход нба ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп.

4. Заклучокот да се достави до ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп, Градоначалникот и архивата на Општина прилеп.

5. Со донесувањето на овој Заклучок, престанува да важи Заклучокот број 07 - 1131/3 од 25.06.2001 година.

6. Заклучокот ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 919/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
09.07.2004 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЈКП "ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА"**

1. Одлуката за дополнување на Одлуката за основање на ЈКП "Водовод и канализација", се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 939/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.07.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пиргклимски

Врз основа на член 4-а, 9 и 10 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96 и 6/2002), член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 28 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), , Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 09.07.2004 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за дополнување на Одлуката за основање на Јавно комунално претпријатие "Водовод и канализација" Прилеп

Член 1

Во Одлуката за основање на Јавно комунално претпријатие "Водовод и канализација" Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 10/2003, 2/2004 и 4/2004), во членот 3 после ставот 3 се додаваат 2 нови става 4 и 5, кои гласат:

" Заедничките деловни активности помеѓу ЈКП "Комуналец" - Прилеп, ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп и ЈКП "Пазари" - Прилеп ќе бидат запрени на ден 30.06.2004 година.

Самостојниот почеток со работа на новоформираните претпријатија ЈКП "Водовод и канализација - Прилеп" и ЈКП "Пазари" - Прилеп ќе биде од 01.07.2004 година."

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 919/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
09.07.2004 година на Советот на Општина
П р и л е п Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕНА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЈКП "ПАЗАРИ"**

1. Одлуката за дополнување на Одлуката за основање на ЈКП "Пазари", се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 939/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.07.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пирганоски

Врз основа на член 4-а, 9 и 10 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96 и 6/2002), член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 28 од Статутот на Општина

Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 09.07.2004 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за дополнување на Одлуката за основање на Јавно комунално претпријатие “Пазари” - Прилеп

Член 1

Во Одлуката за основање на Јавно комунално претпријатие “Пазари” - Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 4/2004), во членот 3 после ставот 3 се додаваат 2 нови става 4 и 5, кои гласат:

" Заедничките деловни активности помеѓу ЈКП "Комуналец" - Прилеп, ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп и ЈКП "Пазари" - Прилеп ќе бидат запрени на ден 30.06.2004 година..

Самостојниот почеток со работа на новоформираните претпријатија ЈКП "Водовод и канализација - Прилеп" и ЈКП "Пазари" - Прилеп ќе биде од 01.07.2004 година."

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 07 - 919/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
09.07.2004 година на Советот на ОпштинаПрилеп
П р и л е п Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА. ОДЛУКАТА ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ФЕКАЛНАТА КАНАЛИЗАЦИЈА НА УЛ."СОТИР ДИМОСКИ","ГРИГОР ПРЛИЧЕВ" И СЕПАРАТИВНА КАНАЛИЗАЦИЈА НА УЛИЦА"АЛЕКСАНДАР ИВАНОСКИ - КУСИОТ"**

1. Одлуката за пренесување на правото за управување со фекалната канализација на ул."Сотир Димоски", "Григор Прличев" и сепаративна канализација на улица "Александар Иваноски - Кусиот", се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 -_939/9_ ГРАДОНАЧАЛНИК
13.07.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пирганоски

Врз основа на член 22 ст.1 т.4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/02) и член 14 т. 4 од Статутот на Општина Прилеп (“Сл.гласник на Општина Прилеп” бр. 6/03), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 09.07.2004 година, донесе:

**О Д Л У К А**

***ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВОТО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО СЛЕДНИТЕ ОБЈЕКТИ***

**1. ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА по улица “Сотир Димоски”** (според Решение за употреба издадено од МТВ под бр. 16-И-412/3),

**2. ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА по улица “Григор Прличев”** (според Решение за употреба издадено од МТВ под бр. 16-И-414/3) и

3. **СЕПАРАТИВНА КАНАЛИЗАЦИЈА по улица “ Александар Иваноски-Кусиот”** (според Решение за употреба издадено од МТВ под бр. 16-И-413/3);

Член 1

Правото за управување со канализационите мрежи се пренесува од Општина Прилеп на ЈКП “Водовод и канализација”.

Член 2

Се задолжува ЈКП “Водовод и канализација” -Прилеп во согласност со соодветните стандарди и нормативи да управува со именуваната мрежа.

Член 3

Примопредавањето на објектите ќе се изврши помеѓу Општина Прилеп и ЈКП “Водовод и канализација”- Прилеп, со составување записник кој ќе го потпишат двете страни и кој ќе биде составен дел на оваа Одлука.

Член 4

Одлуката стапува на сила во рок од 7 дена од денот на објавувањето во “Сл.гласник на Општина Прилеп”.

Број 07 - 919/10 ПРЕТСЕДАТЕЛ
09.07.2004 год. на Советот на ОпштинаПрилеп
П р и л е п Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДИ ЗА ПОСТИГНАТИ ВРВНИ РЕЗУЛТАТИ ВО ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО, НАУКАТА, КУЛТУРАТА И СПОРТОТ НА МЛАДИ ТАЛЕНТИ**

1. Одлуката за доделување на награди за постигнати врвни резултати во областа на образованието, науката, културата и спортот на млади таленти, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 939/10 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.07.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пирганоски

Врз основа на член 22 и 36 став 1 точка 10 и 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп“ бр. 6/2003) и Одлуката за доделување на награди за постигнати врвни резултати во областа на образованието, науката, културата и спортот (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр.5/2003), Советот на Општина Прилеп, на седницата одржана на ден 09.07.2004 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за доделување на награди за постигнати врвни резултати во областа на образованието, науката, културата и спортот на млади таленти

**Член 1**

Се овластува Градоначалникот на Општина Прилеп, на предлог на Одборот за општествени дејности, , да доделува до пет награди за постигнати врвни резултати во областа на образованието, науката, културата и спортот на млади таленти.

**Член 2**

Наградата е во износ од 36.000 денари, а ќе се исплаќа во еднакви месечни рати во износ од 3000 денари месечно за време од една година.

**Член 3**

Одлуката да се достави до наградените, Градоначалникот, архивата и благајната на Општина Прилеп.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 07- 919/11 ПРЕТСЕДАТЕЛ
09.07.2004 година на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ФОНДАЦИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА - ИНФОРМАТИЧКИ ЦЕНТАР - ПРИЛЕП**

1.Одлуката за дополнување на Одлуката за основање на Фондација за развој на информатичка технологија - Информатички центар - Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 939/11 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.07.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пирганоски

Врз основа на член 35 од Законот за здруженија на граѓани и фондации ("Службен весник на РМ" бр. 31/1998) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на ден 09.07.2004 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за дополнување на Одлуката за основање Фондација за развој на информатичката технологија – Информатички центар – Прилеп**

**Член 1**

Во Одлуката за основање Фондација за развој на информатичка технологија – Информатички центар – Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 5/2004) после членот 6 се додава нов член 6-а, кој гласи:

"Член 6-а

За членови на Првиот Управен одбор на Фондацијата за развој на информатичка технологија - Информативен центар - Прилеп, се именуваат:

- Марјан Цветаноски, член на Советот на општина Прилеп;
- Мирјана Пепељугоска - Гегоска, вработена во ЕЛС Прилеп;
- Лујза Аврамоска, Центар за граѓанска иницијатива Прилеп;
- Родна Шаренкоска, директор на ОУ "Гоце Делчев" Прилеп;
- Миле Василески, приватен стопанственик по информативна технологија"

**Член 2**

После членот 7 се додава нов член 7-а, кој гласи:

" Член 7-а

За членови на Првиот Надзорен одбор на Фондацијата за развој на информатичка

технологија - Информативен центар - Прилеп, се именуваат:

- Кире Пиргановски, м-р по земјоделски науки;, за претседател
- Фанка Ристеска, дипл.екк., враб. во ЕЛС Прилеп, за член;
- Зорица Синадиноска, книговодител, враб.во Дом за стари лица Прилеп, за член".

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 919/12    ПРЕТСЕДАТЕЛ
09.07.2004 година    на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п    Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДЕЛЕГИРАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА ОУ "СТРАШО ПИНЏУР" С. МАЛО КОЊАРИ"**

1. Решението за делегирање членови на Училишниот одбор на ОУ "Страшо Пинџур" с. Мало Коњари", се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 939/12    ГРАДОНАЧАЛНИК
13.07.2004 година    на Општина Прилеп
П р и л е п    Сашо Пиргановски

Врз основа на член 109 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр. 52/2002) и член 26 став 1 точка 45 од Статутот на општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на 09.07.2004 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за делегирање членови на Училишниот одбор на ОУ "Страшо Пинџур" - Мало Коњари

1. Со ова Решение се делегираат членови во Училишниот одбор на ОУ "Страшо Пинџур" -Мало Коњари.

2. За членови во Училишниот одбор , претставници на Општината се именуваат:

- Маркоски Орде ССС - Невработен с. Мало Коњари, и
- Настески Марјан, ССС - Невработен с. Мало Коњари.

Мандатот на членовите трае 4 години.

3. Решението влегува во сила со денот на објавувањето.

4. Решението да се достави до именуваните, Основното училиште, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

5. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 919/13    ПРЕТСЕДАТЕЛ
09.07.2004 година    на Советот на Општина Прилеп
Прилеп    Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ПО ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ФОНДОТ ЗА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2003 ГОДИНА**

1. Заклучокот по Извештајот за реализација на Програмата за работа на Фондот за локални патишта на Општина Прилеп за 2003 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп").

Број 08 - 939/13    ГРАДОНАЧАЛНИК
13.07.2004 година    на Општина Прилеп
П р и л е п    Сашо Пиргановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" 38/96), член 36 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 26 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003)), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 09.07.2004 година, разгледувајќи го Извештајот за реализација на Програмата за работа на Фондот за локални патишта на Општина Прилеп за 2003 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за работа на Фондот за локални патишта на Општина Прилеп за 2003 година

1. Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за работа на Фондот за локални патишта на Општина прилеп за 2003 година.

2. Заклучокот да се достави до Фондот за локални патишта - Прилеп,

Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

3. Заклучокот ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 919/14 ПРЕТСЕДАТЕЛ
09.07.2004 год. на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ПО ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ФОНДОТ ЗА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА ПО ГОДИШНАТА ПРЕСМЕТКА ЗА 2003 ГОДИНА**

1. Заклучокот по Извештајот за финансиското работење на Фондот за локални патишта по Годишната пресметка за 2003 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 939/14 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.07.2004 година на Општина Прилеп
Прилеп Сашо Пиргаsucceeded

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" 38/96), член 36 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 26 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003)), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 09.07.2004 година, разгледувајќи го Извештајот за финансиското работење на Фондот за локални патишта на Општина Прилеп по Годишната сметка за 2003 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
за усвојување на Извештајот за финансиското работење на Фондот за локални патишта на Општина Прилеп поГодишната сметка за 2003 година

1. Се усвојува Извештајот за финансиското работење на Фондот за локални патишта на Општина Прилеп по Годишната сметка за 2003 година..

2. Заклучокот да се достави до Фондот за локални патишта - Прилеп, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

3. Заклучокот ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 919/15 ПРЕТСЕДАТЕЛ
09.07.2004 година на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ЦЕНОВНИКОТ ЗА ВРШЕЊЕ НА УСЛУГИ НА ЈРП ЦПРТВ - ПРИЛЕП**

1. Решението за давање согласност на Одлуката за измени и дополнувања на Ценовникот за вршење на услуги на ЈРП ЦПРТВ - Прилеп , се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 939/15 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.07.2004 година на Општина Прилеп
Прилеп Сашо Пирганоски

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на 09.07.2004 година, донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за давање согласност на Одлуката за измени и дополнувања на Ценовникот за вршење на услуги на ЈРП ЦПРТВ-Прилеп

1.Со ова Решение се дава согласност на Одлуката за измени и дополнувања на Ценовникот за вршење на услуги на ЈРП ЦПРТВ-Прилеп, број 0202- 107/2 од 23.06.2004 година.

2. Решението да се достави до ЈРП ЦПРТВ - Прилеп Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

3.Решението влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 919/16 ПРЕТСЕДАТЕЛ
09.07.2004 година на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Борис Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ТРИГОДИШНИНАТА ОД ЗАГИНУВАЊЕТО НА БРАНИТЕЛИТЕ КАЈ КАРПАЛАК**

1. Заклучокот за одбележување на тригодишнината од загинувањето на бранителите кај Карпалак, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 939/16 ГРАДОНАЧАЛНИК
13.07.2004 година на Општина Прилеп
П р и л е п Сашо Пиргангоски

Врз основа на член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп расправајќи по предлогот на членот на Советот Славе Наумоски, на седницата на Советот, одржана на 09.07.2004 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
за одбележување на тригодишнината од загинувањето на бранителите кај месноста "Карпалак"

1. Одборот за одбележување празници и манифестации при Советот на Општина Прилеп и Градоначалникот на Општина Прилеп во соработка со семејствата на загинатите бранители да ги договорат активностите за одбележување на тригодишнината од загинувањето на бранителите кај месноста "Карпалак".

2. Заклучокот да се достави до Одборот, Градоначалникот на Општина Прилеп и архивата.

3. Заклучокот ќе се објави во "Службен гласник на Општина прилеп".

Број 07 -919/1-1 ПРЕТСЕДАТЕЛ
09.07.2004 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Борис Ристески

## АКТИ ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.в. на РМ бр.4/96,28/97,18/99, 53/01 и 45/02) член 22 став 1, точка 1 и член 50 од Законот за локална самоуправа (Сл.в. на РМ 5/02), член 14 и член 46 од Статутот на Општина Прилеп (Сл. гл. на Општина Прилеп бр. 6/03) Градоначалникот на Општината донесе:

**ОДЛУКА**
за организирање на Јавна анкета по Нацрт - Детален урбанистички план на Прилеп за УАЕ 2 - Урбан блок 2/2 урбан модул 1, со граници : ул. "Крагуевачка", ул. "Борка Јорданоски " и новопроектираните улици.

Член 1
Со оваа Одлука се организира Јавна анкета за донесување на Нацрт - Детален урбанистички план на Прилеп за УАЕ 2 - Урбан блок 2/2 урбан модул 1.

Член 2
Соопштението за организирање на Јавна анкета ќе биде објавено во јавно гласило.

Член 3
Јавната анкета ќе таре 10 дена од денот на објавувањето на Соопштението.

Член 4
Нацртот на Детален урбанистички план на Прилеп за УАЕ 2 - Урбан блок 2/2 урбан модул 1, ќе биде изложен на јавно место.

Член 5
Заинтерсираните граѓани и правни лица во предвидениот рок на Анкетни листови ќе можат да ги дадат своите забелешки.

Член 6
Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во "Службен гласник" на Општина Прилеп.

Број 08 - 887/1 ОПШТИНА ПРИЛЕП
02.07.2004год. ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
Прилеп Градоначалник
Сашо Пирганоски

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.в. на РМ бр.4/96,28/97,18/99, 53/01 и 45/02) член 22 став 1, точка 1 и член 50 од Законот за локална самоуправа (Сл.в. на РМ 5/02), член 14 и член 46 од Статутот на Општина Прилеп (Сл. гл. на Општина Прилеп бр. 6/03) Градоначалникот на Општината донесе:

**ОДЛУКА**
за организирање на Јавна анкета по Нацрт - Детален урбанистички план на Прилеп за **УАЕ бр.13- урбан блок 13 - урбан модул "1"** со граници : ул. "Пере Темелкоски", ул. "11-ти Октомври" (крак), ул. "Моша Пијаде" и ул. "Мирче Ацев".

Член 1
Со оваа Одлука се организира Јавна анкета за донесување на Нацрт - Детален урбанистички план на Прилеп за **УАЕ бр.13- урбан блок 13 - урбан модул "1".**

Член 2

Соопштението за организирање на Јавна анкета ќе биде објавено во јавно гласило.

Член 3

Јавната анкета ќе таре 10 дена од денот на објавувањето на Соопштението.

Член 4

Нацртот на Детален урбанистички план на Прилеп за **УАЕ бр.13- урбан блок 13 - урбан модул "1"** ќе биде изложен на јавно место.

Член 5

Заинтерсираните граѓани и правни лица во предвидениот рок на Анкетни листови ќе можат да ги дадат своите забелешки.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во "Службен гласник" на Општина Прилеп.

Број 08 - 884/1 ОПШТИНА ПРИЛЕП
02.07.2004год. ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
Прилеп Градоначалник
Сашо Пиргановски

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.в. на РМ бр.4/96,28/97,18/99, 53/01 и 45/02) член 22 став 1, точка 1 и член 50 од Законот за локална самоуправа (Сл.в. на РМ 5/02), член 14 и член 46 од Статутот на Општина Прилеп (Сл. гл. на Општина Прилеп бр. 6/03) Градоначалникот на Општината донесе:

**ОДЛУКА**

за организирање на Стручна расправа по Нацрт - ГУП за стопански комплекс југозападно од патот Р - 513, пат Прилеп - М. Брод во Општина Прилеп.

Член 1

Со оваа Одлука се организира Стручна расправа за донесување на Нацрт - ГУП за стопански комплекс југозападно од патот Р - 513, пат Прилеп - М. Брод во Општина Прилеп.

Член 2

Поканите за Стручната расправа ќе бидат доставени до сите релевантни фактори: ЈП ПУП Скопје, МТВ ПЕ Прилеп, ЈП "Водовод и канализација" Прилеп, ЕСМ ПЕ Прилеп, Македонски телекомуникации Прилеп, МЕ ПЕ Прилеп, МЗШВ ПЕ Прилеп, МТВ инспектор по патишта Прилеп.

Член 3

Стручната расправа ќе се одржи на ден 06.07.2004год (вторник) со почеток во 14.00часот во Малата сала на Општина Прилеп.

Член 4

Нацртот на ГУП за стопански комплекс југозападно од патот Р - 513, пат Прилеп - М. Брод во Општина Прилеп, ќе биде доставен и разгледан на Стручната расправа.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во "Службен гласник" на Општина Прилеп.

Број 08 - 886 /1 ОПШТИНА ПРИЛЕП
02.07.2004год. ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
Прилеп Градоначалник
Сашо Пиргановски

**С О Д Р Ж И Н А**

на "Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6
од 13.07.2004 година

1. Правилник за условите, начинот и постапката за издавање под закуп на деловен простор сопственост на Општина Прилеп.......................................................... ........................................ **Стр.** 1

2. Програма за дополнување на Програмата за донесување, изменување и дополнувања на урбанистички планови во Општина Прилеп во текот на 2004 година.........................................**Стр. 4**

3. Одлука за вршење трговија на стоки во киосци, автомати и продажба од подвижни улични продавачи.................................................................................................................... **Стр. 4**

- Заклучок по Одлуката........................................................................................... **Стр**. 5

4. Одлука за основање Јавно претпријатие за просторни и урбанистички планови.........................................................................................................................**Стр.** 5

5. Решение за давање согласност на Статутот на ЈКП "Пазари" - Прилеп................. **Стр. 7**

6. Заклучок за пренамена на средствата од 26 % од ставката за надоместок на вода од наменски цели во составен дел на цената на водата......................................................................... **Стр. 8**

7. Одлука за дополнување на Одлуката за основање на ЈКП "Водовод и канализација"....................................................................................................................... **Стр. 8**

8. Одлука за дополнување на Одлуката за основање на ЈКП "Пазари".................... **Стр. 9**

9. Одлука за пренесување на правото за управување со фекалната канализација на ул."Сотир Димоски", "Григор Прличев" и сепаративна канализација на улица "Александар Иваноски - Кусиот"...........................................................................................................**Стр. 9**

10. Одлука за доделување на награди за постигнати врвни резултати во областа на образованието, науката, културата и спортот на млади таленти............................................. **Стр. 10**

11. Одлука за дополнување на Одлуката за основање на Фондација за развој на информатичка технологија - Информатички центар - Прилеп.............................................. **Стр. 10**

12. Решение за делегирање членови на Училишниот одбор на ОУ "Страшо Пинџур" с. Мало Коњари"............................................................................................................................. **Стр. 11**

13. Заклучок по Извештајот за реализација на Програмата за работа на Фондот за локални патишта на Општина Прилеп за 2003 година.............................................................................. **Стр. 11**

14. Заклучок по Извештајот за финансиското работење на Фондот за локални патишта по Годишната пресметка за 2003 година............................................................. ........................ **Стр. 12**

15. Решение за давање согласност на Одлуката за измени и дополнувања на Ценовникот за вршење на услуги на ЈРП ЦПРТВ - Прилеп.................................................................................. **Стр**. 12

16. Заклучок за одбележување на тригодишнината од загинувањето на бранителите кај Карпалак......................................................................................................................................... **Стр. 13**

**АКТИ ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ**

**1.** Одлука за организирање на јавна анкета по Нацрт-Детален урбанистички план на Прилеп за УАЕ 2 - урбан блок 2/2, урбан модул 1, со ганици: ул."Крагуевачка", ул."Борка Јорданоски" и новопроектираните улици............................................................................................................ **Стр. 13**

2. Одлука за организирање на јавна анкета по Нацрт-Детален урбанистички план на Прилеп за УАЕ 13 - урбан блок 13, - урбан модул 1, со ганици: ул."Пере Темелкоски ", ул."11-ти Октомври" (крак), ул."Моша Пијаде" и ул. "Мирче Ацев"................................................................................................ **Стр**. 13

3. Одлука за организирање на Стручна расправа по Нацрт - ГУП за стопански комплекс југозападно од патот Р - 513, пат Прилеп - М.Брод, во Општина Прилоеп........................... **Стр. 14**

Издава: Општина Прилеп. Главен и одговорен уредник: Сашо Пирганоски – Градоначалник на Општина Прилеп. Дизајн и компјутерска обработка: Горица Чатлеска. Печати: Служба за стручни и административни работи. Тираж: 50 примероци.